АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 04.10.2016 | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4705 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, и 142/16), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 2 септември 2016 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 3 октомври 2016 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се обврзани дневно да емитуваат најмалку 50% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик и/или на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во Република Македонија).

   - **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

При контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 2 септември 2016 година, на регионално ниво, за почитувањето на член 92 став 14 (половина од обврската за емитување изворно создадена програма во текот на денот да ја оствари во периодот од 7 до 19 часот) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, **констатирано е прекршување на член 92 став 1 од Законот** (обврска дневно да емитува најмалку 50% изворно создадена програма во Република Македонија на ромски и на македонски јазик, бидејќи според програмскиот концепт кој е составен дел од дозволата за емитување, сервисот го емитува на ромски и на македонски јазик). Поради тоа е направен извештај од вонреден надзор за почитувањето на член 92 став 1 од Законот.

Со вонредниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, од 2 септември 2016 година, констатирано е дека се емитувани вкупно 10 часа 6 минути и 43 секунди изворно создадена програма во Република Македонија на ромски и на

македонски јазик, што е **45,47%** од вкупно емитуваната програма во текот на денот, која влегува во пресметка за изворно создадена програма (22 часа 14 минути и 13 секунди). Законскиот минимум од 50% за емитување изворно создадена програма на 2 септември 2016 година, изнесува 11 часа 7 минути и 6 секунди. Програмскиот сервис на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје емитуваше за 1 час и 23 секунди помалку изворна програма од потребниот минимум.

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** програмскиот сервис на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, на 2 септември 2016 година, не емитуваше најмалку 50% програма изворно создадена во Република Македонија на ромски и на македонски јазик.

**9. Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје и согласно точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор за почитувањето на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***